**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 44-2282/18
Скопје, 3 април 2020 година

ДО ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

<u>С К О П Ј Е</u>

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Триесет и четвртата седница**
**на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 3 април 2020 година**

**„ТОЧКА 1: Записник од Осумнаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 3 април 2020 година**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Осумнаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 3 април 2020 година.

Истовремено, согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, ги усвои следниве заклучоци:

1. Го разгледа предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, да се воведат порестриктивни забрани за движење на населението на подрачјето на општина Куманово и заклучи:

   - да се забрани движење на населението на подрачјето на општина Куманово, од понеделник до петок, во временски период од 16.00 часот до 5.00 часот наредниот ден, како и се забранува движење на населението почнувајќи од 16.00 часот во петок, до 5.00 часот во понеделник.
   Забраната за движење од 3 април 2020 година (петок) започнува од 21.00 часот и трае до 6 април 2020 година (понеделник) до 5.00 часот.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Согласно ова, Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерството за здравство веднаш да подготви план за работа и организација на сите јавни и приватни здравствени установи на подрачјето на општина Куманово.

3. Се задолжува Министерството за здравство да подготви посебен план и организација на работата на Општата Болница Куманово, со воведување тријажа за пациентите, протокол за влез на пациентите, повисоко ниво на заштитна медицинска опрема што треба да ја има медицинскиот персонал во болницата и упатување на дополнителен соодветен медицински персонал (епидемиолози, инфектолози и сл) за потребите на болницата .

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи веднаш да ги интензивира контролите и полициските сили на подрачјето на општина Куманово, како во градот, така и во околните населени места и на секој влез и излез од подрачјето на општина Куманово.

5. Како и за сите претходно донесени одлуки, заклучоци, мерки и препораки на Владата, исто и за оваа мерка важат исклучоците за вработените лица во Министерството за внатрешни работи, припадниците на Агенцијата за национална безбедност, Министерството за здравство, Министерството за одбрана, Армијата на Република Северна Македонија, противпожарните територијални единици, Царинската управа, земјоделските лица и фармери кои работат и се движат во атарот на руралните средини, млеко производителите, како и другите лица и институции претходно опфатени во исклучоците за овие мерки и забрани.

6. Се препорачува на општина Куманово и општинскиот кризен штаб, во координација со д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, на дневна основа да ги координираат и решаваат настанатите состојби и проблеми во ова подрачје.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за економија да го разгледа Барањето доставено од АДКОМ – Здружение на даватели на комунални услуги на Република Северна Македонија, под бр. сл-014-2020 од 1.04.2020 година во врска со одобрување на користење на нафта и нафтени резерви од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, како и заштитни средства (маски и ракавици) и средства за дезинфекција за сите јавни комунални претпријатија во државата, да стапи во контакт со АДКОМ и до Владата да достави соодветен предлог во врска со ова прашање."

**Прилог:**
**- Записник од ГККШ**

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

ДОСТАВЕНО И ДО:
- **сите државни институции**
- **ЗЕЛС**
- **Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија**
- **Стопанските комори во Република Северна Македонија**

Подготвил: м-р Ирма Мандева
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar | 03-04-2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 44-2282/18 | | | |

Архивски број: 08-780/18

**ЗАПИСНИК**

**од Осумнаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 3 април 2020 година**

На 3 април 2020 година (петок), со почеток во 9.30 часот, во просториите на зградата на Владата на Република Северна Македонија, се одржа Осумнаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Со Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, раководеше раководителот на Главниот координативен кризен штаб, Оливер Спасовски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На состанокот присуствуваа членовите на Главниот координативен кризен штаб и тоа: м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на престедателот на Владата на Република Северан Македонија и министер за одбрана, Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Арбр Адеми, министер за образование и наука, м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи и Аднан Џаферовски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

На состанокот присуствуваа и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата, Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална безбедност, Златко Ветеровски, претставник од Царинската управа на Република Северна Македонија, Зоран Попов, државен секретар во Министерството за надворешни работи, Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците и Бљерим Кољали, советник на Претседателот на Република Северна Македонија.

Од состанокот на Главниот координативен кризен штаб, отсуствуваа Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, Наќе Чулев, министер за внатрешни работи и м-р Крешник Бектеши, министер за економија.

*

*     *

На состанокот на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 **се утврди следниот Дневниот ред:**

**Точка 1:** Тек и прогрес на активностите на сите надлежни институции за обезбедување целосна координација во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19

**Точка 2:** Прашања и предлози

*

*     *


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТ/ФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

Пред отворање расправа по материјалите во рамки на Дневниот ред, сите членови на Главниот координативен кризен штаб, секој од своја надлежност информираа за реализацијата и спроведувањето на сите заклучоци, мерки и препораки усвоени на претходниот состанок, што е спроведено и на кој начин.

**По однос на точката 1 од Дневниот ред,** министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за состојбите, текот и прогресот на активностите на сите здравствени екипи од сите надлежни институции, како и за реализација на задолженија, мерки и препораки заради координација во врска со спречувањето на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Воедно, тој ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб и другите присутни лица за Извештајот од Државниот санитарен и здравствен инспекторат за извршениот вонреден инспекциски наод во ПЗУ Аџибадем Систина Скопје во врска со вршење на серолошка дијагностика COVID-19, како и за Извештајот на Комисијата формирана од министерот за здравство, за проценка на условите за спроведување на тестирања за COVID-19.

Дополнително, министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче информираше дека во текот на денешниот ден ќе се објави повик за медицински лица и персонал кој ќе изјави интерес за упатување на работа и помош во погодените подрачја во Република Италија. Во повикот да бидат наведени критериумите и условите за лицата кои ќе изјават интерес за упатување на работа и помош во Република Италија.

Директорот на Центарот за управување со кризи, м-р Агрон Буџаку до членовите на Главниот координативен кризен штаб и другите присутни лица го достави на разгледување и го образложи Списокот со потреби и проблеми за решавање во кризните подрачја во општините Дебар и Центар Жупа.

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за активностите на координативното тело за штабовите на единиците на локалната самоуправа и за активностите преземни на дневна основа во врска со билатералните и мултилатералните донаторски кореспонденции наменети за справување со Коронавирусот.

Министерот за надворешни работи, м-р Никола Димитров, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб и другите присутни лица дека за 6 април 2020 година е најавена посета од министерот за надворешни работи на Република Унгарија во Република Северна Македонија, со цел давање на помош за справување со состојбите со Коронавирусот во нашата држава.

За оваа цел, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана укажа на потребата Министерството за надворешни работи и Секретаријатот за европски прашања, во соработка со сите институции, да воспостават единствен централен механизам за следење, примање и распределба на сите донации поврзани со состојбата со Коронавирусот во Република Северна Македонија.

Министерот за образование и наука, д-р Арбр Адеми, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб и другите присутни лица за можностите за доделување на ваучери за децата вклучени во електронската on-line настава, а немаат можност да ја следат поради технички проблелми (компјутери и интернет).

Согласно ова, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација информираше дека согласно листата доставена од Министерството за труд и социјална политика преку Македонски Телеком ќе биде обезбеден бесплатен интернет од 10GB за овие категории на деца и семејства.

Воедно, тој информираше за текот и прогресот на активностите за изработената бесплатна мобилна неинвазивна апликација, Вирус радар, за користење од страна на физички лица и ќе биде употребена за увид во потенцијална изложеност до лица кои се заразени со COVID-19.

За оваа цел, тој укажа на потребата од спроведување на јавна кампања од страна на Владата на Република Северна Македонија, со која ќе се препорача масовно користење на оваа апликација која е целосно безбедна и не користи лични податоци од лицата корисници, а исходот од нејзиното користење е веќе потврден од неколку развиени земји меѓу кои и во Сингапур.

Согласно информирањето и предлозите изнесени во расправата на состанокот од членовите и другите присутни лица по однос на оваа точка, **Главниот координативен кризен штаб, ги усвои следниве заклучоци:**

1. **На наредниот состанок на Главниот координативен кризен штаб да присуствува и д-р Ирена Сотирова Бухова, директор на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, со цел објаснување на состојбите во јавните здравствени установи во Република Северна Македонија, почитувањето и спроведувањето на сите донесени наредби и протоколи од страна на Министерството за здравство и преземените активности во однос на констатираните состојби.**

2. **Министерството за здравство да ги преоцени воведените протоколи особено во делот на минимум потребната заштитна опрема која медицинските лица и персонал е неопходно да ја користат при извршување на работата и доколку оцени за потребно степенот на заштита да биде зголемен, како и да ја разгледа можноста и потребите од вклучување на дополнителен медицински персонал кој не е активно вклучен во здравствениот систем во овој момент, со цел дополнителна помош на постојниот медицински персонал во јавните здравствени установи.**

3. Сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, агенции, фондови, бироа, заводи, управи и сите останати државни институции, а се препорачува на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија основани од единиците на локалната самоуправа и другите институции од јавниот сектор задолжително да водат финансиско-сметководствена евиденција за своите институции на сите трошоци поврзани со справување со состојбите со Коронавирусот.

4. Министерството за образование и наука во соработка со Бирото за развој на образованието, веднаш да воспостави протокол за спроведување, организирање и одржување на електронската on-line настава од страна на основните и средните училишта во Република Северна Македонија, со цел од страна на училиштата задолжително да биде подготвуван неделен распоред на часови кои ќе се одржуваат исклучиво во работно време и утврден термин и истиот да биде доставен до сите ученици и наставници заради придржување до истиот и организиран тек на наставата.

5. Сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, агенции, фондови, бироа, заводи, управи и сите останати државни институции, единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија основани од единиците на локалната самоуправа и другите институции од јавниот сектор задолжително на своите веб страници да стават банери кои ќе водат директно до новата специјално наменета веб страница од Владата, на која се објавени официјални информации за Коронавирусот во Република Северна Македонија, до следниот линк: https://koronavirus.gov.mk

6. Владата на Република Северна Македонија веднаш да побара од Собранието на Република Северна Македонија и од сите министерства да го отстапат својот кадар – преведувачи, заради редовно и навремено извршување во овој период на зголемениот обем на работа и работни активности на Владата и нејзините служби, со цел навремено и тековно информирање на граѓаните на Република Северна Македонија.

7. На наредната седница на Владата да се разгледа Барањето доставено од АДКОМ – Здружение на даватели на комунални услуги на Република Северна Македонија, под бр. Сл-014-2020 од 1.04.2020 година во врска со одобрување на користење на нафта и нафтени резерви од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, како и заштитни средства (маски и ракавици) и средства за дезинфекција за сите јавни комунални претпријатија во државата, со цел заземање на став по истото.

8. На наредната седница на Владата, да се разгледа предлогот во однос на работата на економските оператори во Град Скопје кои имаат соодветни лиценци за угостителски услуги на отворен простор (по принципот на take away) за време на вонредната состојба да можат да ги нудат овие услуги исто и како ресторантите, со воспоставување на строги контроли и правила при давањето на услугите, со цел Владата да заземе став по истото.

9. Го разгледа Барањето доставено од Општина Куманово, под бр. 08-2266 од 2.04.2020 година за воведување на целосна изолација (карантин) на град Куманово и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, со цел доставување соодветен предлог до Главниот координативен кризен штаб за ова прашање.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

10. Главниот координативен кризен штаб се информираше со Предлог – мерките за справување со COVID-19 кризата во поштенскиот сектор, доставени до Агенција за пошти, под бр. 03-123/1 од 1.04.2020 година и истите ги проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Министерството за економија и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

11. Го разгледа Барањето доставено од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, под бр. 03-6029/1 од 1.04.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за здравство, со цел подготвување на соодветна предлог-уредба со законска сила.

12. Го разгледа Барањето доставено од Здружение за развој и унапредување на ромската заедница Романо Чачипе, под бр.0306 од 2.04.2020 година за унапредување на заштитата на населението во општината Шуто Оризари и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за здравство, со цел реализирање на ова барање.

13. Го разгледа Барањето доставено од градоначалникот на Општина Струмица, под бр. 09-2245/1 од 2.04.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за финансии, со цел доставување на одговор по ова барање.

*

* *

<u>По однос на точката 2 од Дневниот ред,</u> немаше прашања, ниту предлози.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

Влада на Република Северна Македонија

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

*

*        *

Горенаведените, заклучоци, препораки и констатации беа едногласно прифатени, без забелешки од членовите на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и за задолженијата кои произлегуваат од истите веднаш да бидат информирани сите надлежни институции, со цел нивно итно операционализирање и реализирање.

*

*        *

Содржината на овој записник е од интерен карактер за органите на државната управа и другите државни институции и задолженијата кои произлегуваат од истиот се однесуваат исклучиво на примателот на задолжението.

На седницата е воден записник.

**ПРЕТЕСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk